2022

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

***Во соработка со јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор преку заеднички иницијативи и искористување на ендогенипт потенцијал на територијата на ЛАГ АГРО ЛИДЕР даваме придонес за социо-економскиот раст и одржлив развој на руралните заедници.***

***ЛАГ АГРО ЛИДЕР цели да обезбеди услови за постигнување подобра иднина за руралните области, со просперитетни бизниси и просперитетни заедници.***

Здружението ЛАГ АГРО ЛИДЕР претставува јавно - приватно партнерство и го опфаќа јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор на територијата на општина Долнени, Кривогаштани.Крушево и рурален дел на општина Прилеп.

Здружението за рурален развој Локална Акциска група АГРО ЛИДЕР Кривогаштани е доброволна, непрофитна, невладина, непартиска организација која преку информирање, едукација и мобилизација на заедницата делува за подобрување на квалитетот на животот во руралните области со спроведување на локални иницијативи и проекти од областа на земјоделство и рурален развој, социјална заштита и антидискриминација, млади, економски и одржлив развој, заштита на животната средина, спорт и култура.

***Вредности и принципи***

ЛАГ АГРО ЛИДЕР во своето работење се води од следните вредности:

- Интегритет на организацијата и нејзиното целокупно работење,отчетност и транспарентност,
- Посветеност на целите, услугите кон граѓаните и институциите на територијата на ЛАГ АГРО ЛИДЕР во процесот на унапредување на демократијата и граѓанското општество,
- Партиципативност на граѓаните во градење на демократско општество,
- Тимска работа, градење на одговорност, конзистенстност и компетентност на вработените,
- Професионалност, респектибилност и квалитет во спроведување на проектните активности,
- Градење партнерства и соработка со други национални и интернационални организации, заради остварување на заеднички цели.

Благодарение на искрената и суштинската поддршка на донаторите, пред се на Австриското Федерално Министерство за социјални работи, здравство, грижа и заштита на потрошувачите и Фондацијата Отворено општество – Македонија, како и УСАИД, Европската Унија, и останати донатори и поддржувачи, успеавме да реализираме бројни активности и да достигнеме значајни резултати.

Локалната Акциона Група АГРО ЛИДЕР делува согласно Статутот и Стратегијата за локален развој воден од заедницата преку соодветно дефинирани организациски структури кои ги сочинуваат членови на ЛАГ АГРО ЛИДЕР избрани согласно Правилникот за поблиските услови за запишување во евиденцијата на локалната акциона група, постапката за упис, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РС Македонија.

Собраните на ЛАГ АГРО ЛИДЕР брои 25 членки.

Претседател на ЛАГ АГРО ЛИДЕР е г-ѓа Даниела Цветаноска

Управен одбор

| Име и презиме | Позиција | Година на назначување |
|---|---|---|
| Даниела Цветаноска | Претседател | 2022 |
| Марина Тошеска | Член | 2022 |
| Коста Мицкоски | Член | 2022 |
| Сајда Хасановиќ Мујовиќ | Член | 2022 |
| Севганија Ибраими | Член | 2022 |
| Илија Катмероски | Член | 2022 |
| Сашо Цуцулоски | Член | 2022 |
| Катерина Паскоска | Член | 2022 |
| Дејан Џокоски | Член | 2022 |
| Сања Димеска | Член | 2022 |
| Сашо Аџиоски | Член | 2022 |

Надзорен Одбор

| Име и презиме | Позиција | Година на назначување |
|---|---|---|
| Никола Мариновски | Член | 2022 |
| Михајло Николоски | Член | 2022 |
| Емран Саитоски | Член | 2022 |

# Европска иднина за младите од руралните средини

- Проектот започна во октомври 2020 година и трае до април 2023 и се спроведуваше на територијата на 7 земји со 10 проектни партнери - Хрватска, Естонија, Унгарија, Италија, Македонија, Србија и Словенија
- Проектот EFYRA имаше за цел да одговори на еден од најголемите предизвици со кои се соочува рурална Европа: одливот на млади луѓе од руралните области.
- Во текот на имплементацијата на проектот беа организирани 5 тематски настани. Предизвиците ги покренаа самите млади луѓе, но и поединци кои се директно вклучени во животот и работата на младите во руралните средини, како што се бизнисмени, претставници на локални власти, училишни институции, непрофитни организации кои работат со млади луѓе итн.
- Фокусот на EFYRA беше да ги идентификува основните причини за миграцијата во земјите на проектот:, преку заедничка дискусија меѓу проектните партнери и да развие предлози за спречување на миграцијата на младите преку активни работилници

## Национална платформа за женско претприемништво

- Потпишани декларации со градоначалници од Пелагониски плански регион за поддршка на женското претприемништво
- Формиран Совет за женско претприемништво во Прилеп и Битола





## Унапредување на родовата еднаквост преку политичко учество на жените

- Политички мобинг – дел од Законот за заштита од вознемирување на работно место

**Придобивки од иницијативата:**

- Намалување на насилството на жените на работните места во насока на унапредување на родовата еднаквост, посебно во однос на обезбедување еднакви можности и недискриминација на жената на работното место
- Разгледување на насилство врз жените на работните места како родово базирано насилство врз жените на работното место
- Разбирање на концептот за политички мобинг, видовите на негово манифестирање, како и разбирање за тоа кои институции се надлежни да постапуваат во обезбедувањето на заштита на работникот во случај на политички мобинг

**"Пилотирање на услуги за поддржано вработување на млади во С.Македонија" спроведен од Wien Work во партнерство со 5 локални организации од нашата држава со поддршка на Сојузното Австриско Министерство за социјални работи, здравство, нега и заштита на потрошувачи.**






# Иницијатива за вработување на млади

**Цел на проектот** – преку споделување на добри практики на три европски организации да се поддржи успехот на младите лица на пазарот на труд, преку намалување на бројот на млади лица кои не се вклучени во образование, вработување или обука (NEET) со услуги за поддршка при вработување.за ранливите млади лица, обезбедени од младински обучувачи, и со поттикнување на развој на вештините на младите за да можат самите успешно да се интегрираат во општеството и на пазарот на труд.

**Активности и резултати**:

- Анализа на можностите за вработување на млади лица во регионите на партнерските организации во Италија, Романија и РС Македонија Подготвено кратко резиме на истражувањето кое ги консолидира наодите од анкетите за млади лица до 29 години, спроведено во периодот на месец ноември и декември 2020 година. Сто дваесет и пет (125) млади испитаници од регионот Апулија, Италија, регионот Бистрица, Романија и регионот на Прилеп и околните општини, С.Македонија учествуваа во истражувањето. Истражувањето ја нагласува потребата од услуги за поддржано вработување на млади лица обезбедени од младински тренери и важноста младите да бидат опремени со меки вештини што ги прават поконкурентни на пазарот на трудот.
- Креирана веб страна на проектот www.project-yei.eu каде младите ќе имаат пристап до коучинг за кариерен развој, како и пристап до методи за зајакнување на меките вештини со што би станале поконкурентни на пазарот на трудот
- Креирана програма за обука за младински коучи (тренери)
- Подготвен Водич за услуги за поддржано вработување на млади

Проектот се имплементира во партнерство со Asociatia Tineri pentru Comunitate Бистрита (Романија) и Associazione InCo – Molfetta (Италија). Проектот е финансиран од Европската Комисија - Еразмус+ Програма и Национална Агенција за европски образовни програми и мобилност

Време на реализација 01.09.2020-30.06.2022





# Пилот проект за воспоставување на услуги за достава на (органска) храна

**Цел на проектот** - Трансфер на знаење и добри практики како неопходност за помалку развиените земји како Северна Македонија да се справат со последиците од пандемијата со КОВИД 19.

- Подобрување на испораката на (органска) храна за постари лица и други целни групи, диверзификација на соодветните канали на дистрибуција и системот за снабдување со храна во Пелагонискиот регион

- Придонес кон одржливо вработување на жени и млади лица

- Зголемено учество на руралните жени во процесите на донесување одлуки и економскиот развој

- Зајакнување на капацитетите на невладините организации во руралните области

- Зголемување на меѓугенерациска соработка

- Подобрување на соработката помеѓу релевантните засегнати страни во социјалниот сектор

- Придонес кон заштитата на животната средина и справување со климатските промени

- Придонес за овозможување на жените од руралните средини да имаат еднаков пристап до институциите и социјалните услуги

**Активности и резултати**

- Тематски (онлајн) работилници за споделување на добри практики од Република Австрија во обалста на органското производство

- Поддршка за Домашно.мк да воспостави систем на достава на производи

- Работилници за значењето на социо-економските претпријатија и нивното влијание за одржлив развој организирани во соработка со Федералното Австриско Министерство за социјални работи, здравство, грижа и заштита на потрошувачи

- Овозможено практиканство, обука на работно место, вработување и пракса за 8 млади / жени

- Набавка на 2 Е-велосипеди за воспоставувње на услуга за доставување храна

-Доставување на дневни оброци за лица во социјален ризик во соработка со ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Прилеп и ЈУ Дом за стари лица ―Киро Крстески - Платник‖ - Прилеп

- Набавка на ЛЕД ламби за домот на стари лица во Прилеп (Подобрување на условите на живот во домот за стари лица во Прилеп и заштеда на електрична енергија)

- Подготовка на документ за јавна политика за правата на жените во руралните области во однос на пристапот до правата од социјална заштита и земјоделските права подготвени и доставени до релевантни јавни тела

Период на имплементација: 01.10.2020-31.03.2022

Проектот се спроведува со поддршка на Федералното Австриско Министерство за социјални работи, здравство, грижа и заштита на потрошувачи

Имавме чест активностите и достигнувањата на проектот да ги промовираме на настан на кој присуствуваа Амбасадорот на Република Австрија во Република Северна Македонија - Dr.Georg Woutsas, Аташето на Федералното Австриско Министерство за социјални политики, здравство, нега и заштита на потрошувачи во нашата држава - г-н Харалд Фугер, Извршниот Директор на ЕВН Македонија -Mr. Peter Stefan, претставници на општина Прилеп и претставници на ЕВН.







## Европско движење на експерти за ран детски развој (EECEME)"

**Цел на проектот** - Креирање на ЕВРОПСКА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА за различни видови професионалци кои работат во институции/организации за ран детски развој и образование за мали деца.

Имплементацијата на проектот ќе овозможи достигнување на посакуваните резултати, преку

- Истражување
- Развој на материјали за обука на едукатори за деца за зајакнување на нивните професионални компетенции во областа на спортот
- Спроведување на меѓународни и локални обуки
- Евалуација на влијанието на програмите за обука
- Водич на добри практики

Проектот ќе овозможи транс-национална и културна соработка низ комуникација и интернационални состаноци со фокус на анализа и селекција на најдобрите практики од областа на спортот и раниот детски развој, проследени со обуки и креирање на Водич на добри практики за едукатори кои работат во областа на ран детски развој.

Со имплементација на идентификуваните добри практики ќе се придонесе кон подобрување на моторната активност на децата на возраст од 0-6 години, и ќе се подобрат знаењето и вештините на едукаторите кои работат со нив.

Проектот го спроведуваат 7 европски организации - CSI -Италија, KSB Рајн-Ерфт-Крајс, Германија, SCF- Италија, IASIS-Грција, SSF - Шпанија, BEST- Австрија, и ЛАГ АГРО ЛИДЕР – С.Македонија, со поддршка на Европската Комисија, Еразмус+ Програма - Поддршка за стратешки партнерства од областа на спортот.

Време на реализација: 01.01.2021-30.06.2023






# Подобрување на дијалогот за поголема финансиска транспарентност на општините, со фокус на парафискалните давачки

**Цел на проектот** е подигнување на транспарентноста, креирање регистар на парафискални давачки и зголемување на соработката со засегнатите страни и локалните самоуправи.

Проектот ќе се фокусира на следниве резултати:

• Креиран регистар за парафискални давачки во општината и препораки за нивна оптимизација за да се подигне локалната конкурентност;

• Зголемена транспарентноста на општината, преку поддршка во прибирање и обработка на податоци за фискалната транспарентност на општината на едно место;

• Можности за зголемување на капацитетите за: финансиска транспарентност на буџетот; парафискални давачки; јавни набавки; мониторинг; застапување; и градење партнерства;




• Зголемена соработка со засегнатите страни (невладин сектор, бизнис сектор, млади и сл) преку воспоставување на механизам заснован врз докази на повеќе засегнати страни за дизајнирање и следење на финансиската транспарентност на општините;

• Креирање анализи на ниво на ЕЛС;

• Можност за промоција на постигнувањата на општината во фискалната транспарентност.

Проектот го спроведува Мрежата ФИСКАСТ, претставувана од Finance Think – Институт за економски истражувања, Скопје, АГОРА – Центар за промоција на граѓански вредности, Скопје, Квантум Прима – Здружение за економски и политички истражувања и анализи, Кавадарци, и ЛАГ Агро Лидер – Здружение за рурален развој, Кривогаштани со финансиска поддршка од  Делегација на Европска Унија во Северна Македонија

**Време на реализација:** 01.01.2021 до 31.12.2022

## ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ

Како локална акциска група, ЛАГ АГРО ЛИДЕР континуирано активно делува за воспоставување на поддршка за ЛАГ преку националните програми и забрзување на процесот на воведување на ЕУ ЛЕАДЕР мерката во ИПАРД III програмата и овозможување на користење на финансиска поддршка за ЛАГ преку оваа програма. Локалните Акциски Групи од нивното основање до денес, во најголем дел се без техничка и финансиска поддршка од националните програми и поддршка од локалните самоуправи кои ги опфаќаат, но сепак континуирано работат на анимирање на руралното население, развивање на капацитетите на сите локални актери во насока на развивање и спроведување на интегрирани развојни стратегии преку комбинација на ресурси, знаење и вештини, и преку вклучување на жените и младите за искористување на постоечкиот ендоген потенцијал за постигнување на целите на локалниот рурален развој согласно стратегиите за локален развој. За да може да ги усогласат регулаторните документи и локалните развојни политики согласно регулативата на ЕУ, а воедно и да се вмрежат и соработуваат меѓусебно, ЛАГ АГРО ЛИДЕР во партнерство со Мрежата на Локални Акциски Групи започнуваат соработка со Мрежата на ЛАГови Мрежата на Локални Акциски Групи на Република Австрија и Мрежата на Локални Акциски Групи на Република Србија со цел споделување на знаење и добри практики, како и меѓусебна поддршка во имплементацијата на ЛИДЕР пристапот.

# НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

ЛАГ АГРО ЛИДЕР е добитник на наградата - плакета 3ти Ноември која ја доделува општина Прилеп по повод Денот на ослободувањето на Прилеп. ЛАГ АГРО ЛИДЕР ја доби оваа награда како признание за постигнати значајни резултати и достигнувања за подобар живот во локалната заедница. Плакетата беше доделена од страна на Градоначалникот на град Прилеп – г-н Борче Јовчески и Претседателот на Советот на општина Прилеп – г-н Дејан Проданоски.



Благодарница за поддршката што ЛАГ АГРО ЛИДЕР ја обезбедува за ЈУ ―Дом за стари лица – Киро Крстески – Платник‖ Прилеп, беше доделена на организацијата од страна на Директорот на оваа институција – г-н Благојче Стојаноски.





Во текот на годината, бројот на проектните активности, како и бројот на ангажирани лица во разни проектни активности на организацијата се зголеми. Ја започнавме годината со 3 вработени лица. Во исто време се зголемија и зацврстија капацитетите на организацијата со помош на поддршката на донаторите и градењето на партнерства со други организации и мрежи на организации.

Во соработка со нашите членки и соработници, продолжуваме кон реализација на програмата за 2023 година со надеж за поуспешни активности и иницијативи во иднина, и поголем придонес за одржлив развој на руралните заедници.

## НАСТАНИ

Во пресрет на одбележувањето на Светскиот ден на социјалната правда - 20ти Февруари, ЛАГ АГРО ЛИДЕР денес во Прилеп одржа настан "Еднаквост и социјална правда".




### EUSE 2022

14тата Конференција на Европската Унија за поддржано вработување (EUSE 2022) која се одржа од 20-22 јуни 2022 во Осло, Норвешка.



**Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР**

**Адреса: Маршал Тито 92, Кривогаштани**

**Контакт**

**+ 389 48 618 949**
**+ 389 75 340 739**

**Email: lagagrolider@gmail.com**

**http://www.lagagrolider.mk/**

**https://www.facebook.com/lagagrolider**